*АДВОКАТСКА КАНЦЕЛАРИЈА НА АДВОКАТ ГРОЗДАН СУТИНОВ*
*ул.ЦАР САМОИЛ бр.8 од Велес*
*тел.070/806-049 , 071/306-049 и 043/223-106*
*сметка број 240290001014295 даночен број 5004005114733*
*депонент Универзална Инвестициона банка АД Скопје*
*e-mail: adv_sutinov@t-home.mk*

*ДО*
*Комисија за заштита на конкуренцијата*
*Ул.Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6-ти кат )*
*Скопје*
*Врска ваш број* заклучок под број 07-251/1 од 06.10.2014 година

***Предмет :Известување по основ на заклучок број 07-251/1 од 06.10.2014 година на Комисијата за заштита на конкуренцијата***

Од Здружение на Приватни Лекари на Р.М преставувано од Претседателот Д-р Лилија Чолакова-Дервишова застапувано од Адвокат Грозданчо Сутинов од Велес.

Почитувани :

Во врска со вашиот заклучок под број 07-251/1 од 06.10.2014 година донесен од Генералниот Секретар Розана Ванковска со кој барате и го задолжувате Здружението на приватни лекари на Р.М до Вас како Комисија да ви ги достави сите ценовници кои Здружението на приватни лекари на Р.М ги има донесено и биле во сила од 2010 година па се до приемот на заклучокот и правниот основ за носење на ценовниците со цел истражување и утврдување на условите и начинот на формирање на цените на приватните лекари во Р.М. ВИ ГО ДАВАМЕ СЛЕДНОТО ИЗВЕСТУВАЊЕ :

КОМИСИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА НЕМА НИКАКВА ЗАКОНСКА И СТВАРНА НАДЛЕЖНОСТ ДА БАРА И ДА ПРИБИРА ИЗВЕСТУВАЊЕ ОД ЗДРУЖЕНИЕТО НА ПРИВАТНИ ЛЕКАРИ НА Р.М ОД ПРИЧИНИТЕ КОЈ ШТО СТЕ ГИ НАВЕЛЕ И ВО ДИСПОЗИТИВОТ И ВО ОБРАЗЛОЖЕНИЕТО НА ЗАКЛУЧОКОТ ,А ТОА СЕТО ОД СЛЕДНИВЕ ПРИЧИНИ :

Како што самите сте навеле на страна 1 од Вашиот заклучок под број 07-251/1 од 06.10.2014 година донесен од Генералниот Секретар Розана Ванковска дека Комисијата за заштита на конкуренцијата може со заклучок да побара од **претпријатијата и здруженијата на претпријатија** да доставaт податоци во врска со нивната економско финансиска состојба итн....

Ви посочуваме дека :

Здружението на приватни лекари на Р.М Скопје согласно Статутот и регистрацијата во Централниот Регистар на Р.М преставува и е Здружение на граѓани во кој што членуваат граѓани на Република Македонија кој по професија се лекари.

Значи Здружението на приватни лекари на Р.М не преставува Здружение на претпријатија во смисла на членот 3 од Законот за заштита на конкуренцијата па за да вие како независен орган-Комисија за заштита на конкуренцијата имате со закон дадено право и стварна надлежност да побарате од Здружението на Приватни лекари на Р.М да ви ги достави побараните ценовници и известувања ,а сетоа тоа согласно определената Ваша стварна надлежност од цитираниот закон за заштита од конкуренцијата.

Член 3 од Законот за заштита на конкуренцијата гласи:

(1) Овој закон се применува на облиците на спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата (во натамошниот текст: нарушување на конкуренцијата) што произведуваат дејство на територијата на Република Македонија, дури и кога тие произлегуваат од акти и дејствија сторени или преземени надвор од територијата на Република Македонија.

(2) Овој закон се применува на:

**-претпријатија, здруженија на претпријатија, поврзани претпријатија, државна управа и**

- јавни претпријатија, претпријатија на кои им е доверено извршување на услуги од општ економски интерес, кои по својата природа претставуваат монополи кои прибираат приходи или имаат посебни и ексклузивни права или концесии, освен во случаите кога примената на одредбите од овој закон би го спречило извршувањето на надлежностите утврдени со закон или за коишто тие субјекти се основани.

(3) Во оцена на облиците на нарушување на конкуренцијата кои можат да имаат влијание на трговијата меѓу Република Македонија и Европските заедници, согласно со членот 69 од Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските заедници и нејзините земји членки, на соодветен начин се применуваат критериумите кои произлегуваат од правилната примена на правилата за конкуренција во Европската унија.

**ДОКАЗ:** Увид во член 3 од законот за заштита на конкуренцијата и споредба со решение за регистрација на Здружението на ЦРМ ;

Согласно член 3 од Статутот јасно се определени ЦЕЛИТЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО И ИСТИОТ ГЛАСИ:

***II. -Цели на здружението:***

2.1 -Да ги штити интересите на членовите на здружението пред сите надлежни републички и општински органи,Министерство за здравство и пред Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија;

2.2. Со иницијативи и предлози да создаде законски услови за унапредување , збогатување и примена на современа медицинска и техничка опременост на своите членови ,заради усовршување на нивото на професионална дејност ;

2.3 Да ги следи и проучува и применува прописите од областа на здравството предлага нивна доградба заради унапредување на здравствената дејност во Република Македонија ;

2.4 Да ги следи и проучува прописите од областа на кредитирањето и вложувањето во областа на здравството од страна на домашните и странските донатори,заради создавање подобри услови за вршење на здравствената дејност ;

Согласно член 4 од Статутот јасно се определени ДЕЈНОСТИТЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО И ИСТИОТ ГЛАСИ:

***III. -Дејностите со кој се остваруваат целите на здружението:***

3) Дејностите со кој се остваруваат целите на здружението се :

3.1 -Со застапување на интересите на членовите на здружението пред сите надлежни републички и општински органи,Министерство за здравство и пред Фондот за здравствено осигурување на Република Македонија;

3.2 -Со давање на разни иницијативи пред надлежени државни органи заради доставување на предлози за создадавање на законски услови за унапредување, збогатување и примена на современа медицинска и техничка опременост на своите членови ,заради усовршување на нивото на професионална дејност ;

3.3.-Со следење,проучување и применува на прописите од областа на здравството;

3.4 -Со следење и проучува на прописите од областа на кредитирањето и вложувањето во областа на здравството ;

3.5 -Со доставување на печатени форми на флаери,весници брошури и разни други форми на запознавање на државните органи и населението;

3.6 -Со објавување на постигнатите резултати на интернет мрежа;

3.7 -Со организирање на семинари,работилници и програми ;

3.8 -Со преставување и гостување на членови на здружението пред телевизиите и радијата.

Согласно член 5 од Статутот јасно се определени КОЈ СЕ МОЖЕ ДА БИДЕ ЧЛЕН НА ЗДРУЖЕНИЕТО И ИСТИОТ ГЛАСИ:

***IV.-Начинот на одлучување за зачленување , исклучување и престанок на членувањето во здружението и правата ,обврските и одговорностите на членовите на здружението:***

4) **-Секој полнолетен граѓанин, државјанин на Република Македонија,деловно способен кој е приватен лекар , доктор по медицина може слободно и доброволно да се зачлени во Здружението на приватни лекари во Република Македонија заради развивање активности со кој се остваруваат своите лични и заеднички професионални деловни интереси со тоа што ќе потпише пристапна изјава за зачленување во здружението.**

Па затоа почитувани врз основа на погоре докажаните состојби поткрепени со материјални докази ,а и законски одредби и факти ВИ УКАЖУВАМЕ ДЕКА ВИЕ КАКО КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА

АДВОКАТ Бранко Сутев ул. ... Велес моб. 070...

КОНКУРЕНЦИЈА НЕМАТЕ СТВАРНА НАДЛЕЖНОСТ ДА ПОБАРАТЕ ИЗВЕСТУВАЊЕ ОД ЗДРУЖЕНИЕТО НА ПРИВАТНИ ЛЕКАРИ ДА ВИ ГИ ДАДЕ ПОБАРАНИТЕ ИЗВЕСТУВАЊА ОД ПРИЧИНА ШТО ОВА ЗДРУЖЕНИЕ НЕ ПРЕСТАВУВА ОРГАНИЗИРАН ОБЛИК СОГЛАСНО ЧЛЕН 3 ОД ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈА ПА ЗА ДА ВИЕ ИМАТЕ СТВАРНА НАДЛЕЖНОСТ ДА ГИ ПОБАРАТЕ НАВЕДЕНИТЕ ИЗВЕСТУВАЊА ОД ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ ,А ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ ДА ИМА СО ЗАКОН ДАДЕНА ОБВРСКА ДА МОРА ДА ВИ ОДГОВОРИ ВО СПРОТИВНО ДА НЕ СТОРИ ПРЕКРШОК ПО ЧЛЕН 61 ОД ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈА.

Член 61од Законот за заштита на конкуренцијата гласи:

(1) **Комисијата за одлучување по прекршок, на претпријатието, односно здружението на претпријатија, со решение ќе му изрече глоба** во износ до 1% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во последната деловна година, изразена во апсолутен и номинален износ за која претпријатието или здружението на претпријатија има составена годишна сметка, ако:

Како во кон кретниов случај законодавецот јасно определил дека тој прекршок може да го стори само ,,**претпријатието, односно здружението на претпријатија,, а како во конкретниов случај Здружението на приватни лекари не преставува ниту претпријатието ниту здружението на претпријатија** во смисла на член 3 од Законот за заштита на конкуренцијата па од тука и произлегува и законско право дна здружението да се повика на овој член и да не ви ги достави побараните документи и известувања наведени во заклучокот под број 07-251/1 од 06.10.2014 година донесен од Генералниот Секретар Розана Ванковска од причините како погоре наведени и изнесени,А ТОА СЕ НЕМАЊЕ НА ЗАКОНСКА И СТВАРНА ОБВРСКА ТОА ДА ГО ЧИНИ ЗДРУЖЕНИЕТО НА ПРИВАТНИ ЛЕКАРИ НА Р.М .

БИДЕЈЌИ ДИСКРЕЦИОНО ПРАВО Е НА ЗАДРУЖЕНИЕТО ДАЛИ ДА ВИ ДОСТАВИ-ОДГОВОРИ ИЛИ НЕ ЗДРУЖЕНИЕТО ОДЛУЧИ ДА СЕ ПОВИКА НА ВАШАТА СТВАРНА НЕНАДЛЕЖНОСТ И ДА ГО КОРИСТИ СО ЗАКОН ДАДЕНОТО ДИСКРЕЦИОНО ПРАВО ДА НЕ ОДГОВОРИ НА НЕНАДЛЕЖЕН ОРГАН.

Прилог:Полномошно , Решение за регистрација на Здружението на приватни лекати на Р.М

Со почит .

датум:
14.10.2014

Полномошник
Адвокат Грозданчо Сутинов

АДВОКАТ Грозданчо Сутинов ул. Цар Самоил бр.8 Велес моб. 070/...